Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Бр. 08-61/1
27-01-2022 год.
СКОПЈЕ

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација постапувајќи по претставката со архивски број 0801-458/1 од 15.12.2021 година поднесена од [redacted], против управителката на салонот за мебел [redacted] ДООЕЛ во Гостивар, врз основа на член 21 став 14 и член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на РСМ број 258/2020 од 30.10.2020), на 27.01.2022 година го донесе следното

# МИСЛЕЊЕ

***СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА*** *од страна на* управителката на салонот за мебел [redacted] ДООЕЛ *со седиште на Ул.* [redacted] *Гостивар, врз основа на социјално потекло и лично својство и општествен статус во областа на пристап до добра и услуги.*

## Образложение

На 15.12.2021 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од [redacted] против салон за мебел [redacted] во Гостивар, за сторено вознемирување врз основа на лично својство и општествен статус .

Согласно наводите од претставката на 10.12.2021 [redacted], којшто привремено работи во металургија, бил во салонот за мебел [redacted] во Гостивар каде што го примила управителката на салонот за мебел и му кажала дека не може да влезе во салонот бидејќи тој носел работна облека.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација сметаше дека наводите од претставката и приложените докази го прават тврдењето на подносителите веројатно и дека товарот на докажување треба да премине на потенцијалниот дискриминатор. На 21.12.2021 Комисијата согласно чл. 24, ст. 7 и чл. 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација достави известување до салонот за мебел [redacted] во Гостивар, со барање за писмено произнесување по наводите во претставката во рок од 15 дена од приемот на известувањето.

На 30.12.2021 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен поднесок за произнесување по претставката доставен од управителката салон за мебел [redacted], [redacted]. Во поднесокот за произнесување од страна на управителката [redacted] е потврдено дека на подносителот на претставка не му било дозволено да влезе на горниот кат во салонот заради облеката, посочувајќи му за обувките бидејќи ќе се извалкал салонот. Покрај другото, поднесокот е наведено и дека кодексот на облекување на кој се придржуваат е скромен, дека не бараат да клиентите носат вратоврски ниту да се свечено облечени но од друга страна тоа не значи дека клиентот може да влезе непристојно облечен, земајќи во предвид дека се работи за салон кој е посетуван од фамилијарни луѓе и дека не ни треба да се спомнува дека не може да се влезе со нечиста облека и нечисти обувки.

Комисијата за спречување и заштита констатира дека при процесот на утврдување на дискриминација потребно е да се знае фактот дали лицето кое смета дека е дискриминирано е ставено во понеповолна положба во однос на други лица кои имаат исти или слични


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

карактеристики а ги уживаат правата. Во овој случај јасно се гледа дека подносителот е ставен во понеповолна положба. Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека вакво однесување на управителот на салонот на мебел претставува директна дискриминација врз основ на лично својство и општествен статус согласно членот 8 од Законот за спречување и заштита од дискриминација во кој се наведува: *„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа."* Од одговорот на управителката јасно се гледа дека таа различно ги третира клиентите зависно од нивниот надворешен изглед и облека со тоа што бира на кого ќе му биде овозможено да влезе во салонот што претставува дискриминација врз основ на лично својство и општествен статус . Во членот 5 од Законот, кој е именуван како дискриминаторска основа, се наведува дека: *„**Се забранува** секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, **лично својство и општествен статус** или која било друга основа."*

Дополнително, во членот 9 од Уставот на Република Северна Македонија, е наведено: *„Граѓаните на Република Македонија **се еднакви** во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското убедување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред уставот и законите **се еднакви**".*

Согласно сите овие наводи, и тргнувајќи од меѓународните правни акти вклучувајќи ги Универзалната декларација за човекови прав како и Европска конвенција за човекови права акти кои се ратификувани и правно обврзувачки за Република Северна Македонија Комисијата за спречување и заштита од дискриминација **утврди директна дискриминација по основ на социјално потекло и лично својство и општествен статус**, извршена од страна на управителката на салонот за мебел [redacted] Гостивар.

Членот 27, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација во случај на утврдена дискриминација, предвидува обврска на Комисијата да препорача начин на отстранување на повредата на правото на еднаквост, односно начин на отстранување на дискриминацијата. Ставот 3 од истиот член посочува дека субјектот кон кого е упатена препораката **има должност** да постапи по истата и да ја отстрани повредата на правото на еднаквост. Следствено на ова, Комисијата ја донесе следнава

## ПРЕПОРАКА

Се препорачува управителката на салонот за мебел [redacted] дооел во иднина да обезбеди непречен и еднаков пристап до услугите во салонот на сите граѓани на Република Северна Македонија без разлика на нивното лично својство и општествен статус.

Се препорачува управителката на салонот за мебел [redacted] писмено или усно да се извини на подносителот на претставка за своето однесување во рок од 30 дена од приемот на оваа препорака и за тоа да ја извести Комисијата.


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Врз основа на членот 29 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, доколку правното лице на кое е упатена препораката не постапи по препораката, односно не ја отстрани повредата на правото, Комисијата има право да покрене иницијатива пред надлежен орган за утврдување на одговорност.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
Весна Бендевска

**Доставено до:**

1. **Салон за мебел [redacted] ДООЕЛ** ***со седиште на*** [redacted] ***Гостивар***
2. [redacted] **Гостивар**
3. **Архива на КСЗД**


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk